Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 108/23

ЗАПИСНИК-ИЗВОД (ПРВ)

29.03.2023 година ------------------------------------------------------------------------
(Дваесет и деветти ден, месец март, две илјади и дваесет и третта година) -
Во Скопје, во 12 (дванаесет) часот, 0 (нула) минути.-------------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 29 март 2023 година (Дваесет и деветти ден, месец март, две илјади и дваесет и третта година), на покана од КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов број 3 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа во просториите во седиштето на Банката на ул. Орце Николов број 3 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 0 (минути) минути, при што, согласно член 93 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија, број 72/2016, број 142/2016 и број 233/2018), и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот --------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

## ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје

------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: ---------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од која утврдив дека КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов број 3 во Скопје, е запишна во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4065573; ---------------------------
2. Акционерската книга на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, со состојба на ден 27.03.2023 година, во 13 часот, 12 минути, 19 секунди, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 2.279.067 и вкупен број на гласови 2.279.067, од кои со право на глас на ден 29.03.2023 година-2.278.054; -----------------------------
3. Јавен повик за учество на Собрание на Банката објавен во дневниот весник "Слободен печат" на 24.02.2023 година; ------------------------------
4. Списокот на акционери кои гласале по пат на коресподенција, со број на акции односно гласови; -----------------------------------------------------

5. Списокот на акционери кои се присутни лично или преку полномошник на седницата на Собранието, со број на акции односно гласови. -----------
--------------------------------------------------------------------------------------------

Од наведените списоци, по нивната верификација, се утврди дека на седницата на Собранието се претставени акционери на Банката кои се сопственици на обични акции со право на глас на 29 март 2023 година со вкупно 1.210.703 гласа, што претставува 53,15% од вкупниот број на обични акции со право на глас, од кои 1.207.684 акции или 53% учествуваат по пат на кореспонденција, и 3.019 акции или 0,15% учествуват по пат на лично присуство на акционери на седницата на Собранието. Списоците на претставени акционери на Банката претставуваат составен дел на овој Записник. ---------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г. Илија Гечев, како претседавач избран на претходното Собрание на акционери на Комерцијална банка АД Скопје, и објави дека записникот од седницата на Собранието ќе го води нотар Зорица Пулејкова од Скопје. ---------------------------------------------------------
Тој констатира дека согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, од увидот во Списокот на акционери кои гласале по пат на кореcподенција, и Списокот на акционери кои се лично присутни на седницата на Собранието, кои им биле достапни на сите акционери заради вршење на увид во истите до почетокот на седницата, може да се констатира дека на Собранието се претставени акционери со вкупен број од 1.210.703 акции со право на глас од вкупниот број акции со право на глас на ден 29.03.2023 година кој изнесува 2.278.054 акции што претставува 53,15% од вкупниот број на обични акции со право на глас на 29.03.2023 година, од кои 1.207.684 акции или 53% учествуваат по пат на кореспонденција и 3.019 акции или 0,15% учествуват по пат на лично присуство на акционери на седницата на Собранието, така што, согласно член 58 од Статутот на Банката, постои кворум за работа на Собранието според предложениот Дневен ред, по кој, како прва точка е Избор на Претседавач на Собранието. Г. Илија Гечев појасни дека согласно одредбите од Статутот на Банката, Претседавачот со Собранието на акционерите се избира за секое одделно Собрание, поради што за да продолжи со работа ова Собрание, потребно е да се избере од редот на акционерите нов Претседавач со Собранието кој ќе претседава и раководи со седницата. ---------------------------------------------------------------------------
Потоа извести дека до Комерцијална банка АД Скопје, акционери на Банката доставиле во писмена форма предлог, во кој за Претседавач со Собранието на Банката го предлагаат г. Илија Гечев, и дека друг предлог не е доставен, така што го стави на гласање предлогот за избор на г. Илија Гечев за Претседавач со Собранието. ---------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена кореспонденција. За предлогот за избор на г. Илија Гечев акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------------------------

Г. Илија Гечев констатира дека со 1.210.703 гласа-ЗА , односно 100% од акциите со право на глас претставени на Собранието за Претседавач со Собранието на акционерите е избран г. Илија Гечев. ------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот г. Илија Гечев се заблагодари на акционерите на укажаната доверба, и констатира дека се исполнети условите за работа на Собранието по предложениот дневен ред. ------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да ја продолжи работата по дневниот ред Претседавачот предложи да се изберат пет бројачи на гласови. Акционери во писмена форма имаат доставено предлог со кој за бројачи на гласови се предложени следните лица: г-ѓа Мануела Петковска, г-ѓа Ивана Веловиќ, г.Марко Алтанџиев, г. Филип Павлевски, и г.Дарко Аргакијев. Со оглед на тоа што други предлози немаше, Претседавачот објави дека за секој предлог ќе се гласа поединечно, и го стави на гласање предлогот за избор на г-ѓа Мануела Петковска за бројач на гласови со Собранието. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена кореспонденција. --------------------------------
За предлогот за избор на г-ѓа Мануела Петковска акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------------------------------------
За предлогот за избор на г-ѓа Ивана Веловиќ, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------------------------------------
За предлогот за избор на г.Марко Алтанџиев, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------------------------------------
За предлогот за избор на г. Филип Павлевски, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------------------------------------
За предлогот за избор на г.Дарко Аргакијев, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека за бројачи на гласови се избрани лицата: г-ѓа Мануела Петковска, г-ѓа Ивана Веловиќ, г.Марко Алтанџиев, г. Филип Павлевски, и г.Дарко Аргакијев. ------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека Дневниот ред предложен за оваа седница е соопштен со повикот за учество на Собранието, и истиот бил уредно објавен во весникот "Слободен печат" на 24.02.2023 година, како и на интернет страницата на Комерцијална банка АД Скопје и на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност. ---------------------------
Претседавачот констатира дека материјалите по точките од Дневниот ред во законските рокови биле достапни на увид секој работен ден по објавувањето на повикот, во просториите на седиштето на Банката, во соба број 307 на 3-тиот кат во зградата број 1 на Банката, на интернет

страницата на Комерцијална банка АД Скопје и на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност. ------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон третата точка од Дневниот ред- Посебни финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, со Мислење од Надзорниот одбор, и со Предлог-Одлука за усвојување на извештаите и Мислењето од Надзорниот одбор. ------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена кореспонденција. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на посебните финасиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на посебните извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог А кон овој Записник. ----------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на четвртата точка од Дневниот ред- Консолидирани финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, со Мислење од Надзорниот одбор, и со Предлог-Одлука за усвојување на извештаите и Мислењето од Надзорниот одбор. ------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена коресподенција. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на консолидираните финасиски извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------
----------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и ја донесе Одлуката за усвојување на консолидираните финансиски извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог Б кон овој Записник. ------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон петата точка од Дневниот ред- Годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01. до 31.12.2022 година, со Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка. Претседавачот

појасни дека во Годишната сметка е прикажано финансиското работење на Банката, со утврден биланс на состојба на 31.12.2022 година, при што добивката по оданочување изнесува 2.149.186.831,00 денари. ----------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена коресподенција. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на годишната сметка на Комерцијална Банка АД Скопје за 2022 година, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка на Комерцијална Банка АД Скопје за 2022 година, и истата претставува Прилог В кон овој Записник. ---------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на шестата точка од Дневниот ред-Консолидирана годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01. до 31.12.2022 година, со Мислење од Надзорниот одбор на Банката и Предлог-Одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и Мислење на Надзорниот одбор. ---------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека во консолидираната годишна сметка е прикажано финансиското работење на Банката, со утврден биланс на состојба и биланс на приходи и расходи на 31.12.2022 година, при што добивката по оданочување изнесува 2.171.707.532,00 денари. ---------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена коресподенција. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на Консолидираната годишната сметка и Мислење на Надзорниот одбор, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%).---------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и Мислење на Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог Г кон овој Записник. ------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на седмата точка од Дневниот ред- Годишен извештај за работењето на Комерцијална Банка АД Скопје во 2022 година, со Мислење од Надзорниот одбор, и Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето од Надзорниот одбор. -----------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена коресподенција. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на

Извештајот за работењето на Комерцијална Банка АД Скопје во 2022 година, и на Мислењето од Надзорниот одбор, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Комерцијална Банка АД Скопје во 2022 година, и на Мислењето од Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог Д кон овој Записник. ------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на осмата точка од Дневниот ред- Извештај за работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година, колективно и од аспект на поединечни членови, со Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот. -------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена коресподенција. За донесување на Предлог-Одлуката за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------

Потоа претседавачот ја стави на гласање одлуката од аспект на поединечни членови. ----------------------------------------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г-ѓа Сава Димитрова, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Таки Фити, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Ванчо Чифлиганец, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Фатмир Етеми, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г-ѓа Александра Максимовска Стојкова, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Сашо Наумоски, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Горан Антевски, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------------------------

---

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година, колективно и од аспект на поединечните членови, и истата претставува Прилог Ѓ кон овој Записник. ---

---

Потоа се пристапи кон деветатта точка од Дневниот ред- Предлог-Одлука за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година. Претседавачот појасни дека со предложената одлука се предлага остварената нераспределена добивка за 2022 година да се распредели на следниот начин: износот од 1.139.533.500,00 денари се распределува за дивиденда за обични акции, износот од 849.653.331,00 денари се распределува во резерви, и износот од 160.000.000,00 денари се распределува во задржана добивка. ---
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена кореспонденција. За донесување на Предлог-Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---

---

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2021 година, и истата претставува Прилог Е кон овој Записник. ---

---

Се пристапи кон десетата точка од Дневниот ред- Предлог-Одлука за определување на износот на дивидендата и датумите за исплата на дивиденда за 2022 година. Претседавачот појасни дека со одлуката се предлага дивидендата за 1 обична акција да изнесува 500,00 денари, односно 50% од номиналната вредност на обичната акција од 1.000,00 денари. Со истата Одлука се предлага 18.04.2023 година, како датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2022 година. Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 12.04.2023 година, а за датум за отпочнување со исплатата на дивидендата, се предлага 04.05.2023 година. ---
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена кореспонденција. За донесување на Предлог-Одлуката за определување на износот на дивидендата и датумите за исплата на дивиденда за 2022 година,

акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -- ------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за определување на износот на дивидендата и датумите за исплата на дивиденда за 2022 година, и истата претставува Прилог Ж кон овој Записник. ----------------------------------------------------------- ------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон единаесетата точка од Дневниот ред-Предлог - Одлука за промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје. ------ Претседавачот појасни дека се врши промена на седиштето на Банката од причина што Град Скопје со Одлука за определување и промена на имиња на улици, мостови и плоштади на Град Скопје бр.27-2792/1, извршил промена на називот на дел од улицата Орце Николов во Васил Иљоски. Со таа промена се менува и адресата на седиштето на Банката, односно новата адреса е ул.Васил Иљоски бр.3, Скопје. Гувернерот на НБРСМ на 13.03.2023 година издал претходна согласнот за промена на седиштето на Банката. ------------------------- Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена коресподенција. За донесување на Одлуката за промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -- ------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Одлуката за промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје, и истата претставува Прилог З кон овој Записник. ------------------------------------------ ------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон дванаесетата точка од Дневниот ред-Предлог - Одлука за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје. ---------- Претседавачот појасни дека со Предлог-одлуката за измена на Статутот на Банката се врши промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје, утврдување заменици членови на Одборот за надгледување на информативата технологија и дополнување на делокругот на работењето на Самостојната дирекција за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и спречување перење пари. ------------------------------------------------ Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа лично со кревање на рака и со писмена кореспонденција. За донесување на Одлуката за одобрување на Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, акционерите се изјаснија со 1.210.703 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, и истата претставува Прилог Ѕ кон овој Записник. ----------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По тринаесетата точка од Дневниот ред- Програма за мерки и активности на деловната политика и финансискиот план на Комерцијална банка АД Скопје за 2023 година, усвоена од Надзорниот одбор на Банката, Претседавачот ги извести акционерите дека Програмата им е претставена заради нивно информирање. ----------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот ја затвори седницата во 12 (дванаесет) часот и 20 (дваесет) минути. ----------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. -----------------------------------------------

Странката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ------

Овој записник е составен на девет страни од девет листа. На странката и е издаден еден извод за претседавачот лично, еден извод за Друштвото, еден извод за Централниот регистар на Република Северна Македонија, и еден извод за Народната банка на Република Северна Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. ----------------------------

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. -----------------------------------------------

Нотарската награда е пресметана во износ од 11.000,00 денари, согласно член 41 став 1 точка г) и член 42 став 2 од Нотарската тарифа (Службен весник на Република Македонија, број 226/2016 и број 33/2019). ---------------

За Учесникот во постапката, Претседавач г.Илија Гечев, с.р.

Нотар
Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

бул. Кузман Ј. Питу бр. 15 лок. 6 ТЦ Скопјанка

(име, презиме и седиштето - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во изводок, кон кој не се приложени - се приложени ______ прилози од примерот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 108/23

Во Скопје 29.03 2023 година

НОТАР

потпис и печат

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

КО

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-2/1
29.03.2023 год.
СКОПЈЕ

"А"

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Посебните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето од Надзорниот одбор**

**Член 1**

Се усвојуваат Посебните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје, за годината што завршува на 31 декември 2022, подготвени во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија, ревидирани од страна на Грант Торнтон ДОО Скопје, и Мислењето од Надзорниот одбор на Банката.

**Член 2**

Извештаите претставуваат составен дел на Одлуката.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Илија Гечев**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

"Б"

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-3/1
29.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## за усвојување на Консолидираните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето од Надзорниот одбор

**Член 1**

Се усвојуваат Консолидираните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје, за годината што завршува на 31 декември 2022, подготвени во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија, ревидирани од страна на Грант Торнтон ДОО Скопје, и Мислењето од Надзорниот одбор на Банката.

**Член 2**

Извештаите претставуваат составен дел на Одлуката.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

**ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев**

"В"

**КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА**
**АД СКОПЈЕ**
Бр. 02-190-4/1
29.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## за усвојување на годишната сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година

**Член 1**

Се усвојува Годишната сметка на Комерцијална банка АД Скопје, за 2022 година, според следните биланси:

1. Биланс на состојбата на ден 31.12.2022 година,
2. Биланс на успех од 01.01. до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Во Билансот на состојбата на ден 31.12.2022 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Актива | Ден. 150.974.855.235 |
| Пасива | Ден. 150.974.855.235 |

**Член 3**

Во Билансот на успех за периодот од 01.01. до 31.12.2022 година приходите изнесуваат 6.601.289.409 денари, а расходите 4.290.256.042 денари, или добивка пред оданочување од 2.311.033.367 денари. По пресметување на данок на добивка во износ од 161.846.536 денари, добивката по оданочување во износ од 2.149.186.831 денари е нераспределена.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-5/1
29.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

## ОДЛУКА

## за усвојување на Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година ревидирана од ревизорско друштво

### Член 1

Се усвојува Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година, изработена во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија, а врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија Грант Торнтон Доо Скопје .

Консолидирана годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, се усвојува според следните биланси:

1. Консолидиран биланс на состојба на ден 31.12.2022 година,
2. Консолидиран биланс на успех од 01.01. до 31.12.2022 година

### Член 2

Во Консолидиран биланс на состојбата на ден 31.12.2022 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Актива | Ден. 151.049.747.859 |
| Пасива | Ден. 151.049.747.859 |

### Член 3

Во Консолидиран биланс на успех за периодот од 01.01. до 31.12.2022 година приходите изнесуваат 6.655.099.103 денари, а расходите 4.316.527.669 денари, или добивка пред оданочување од 2.338.571.434 денари. По пресметување на данок на добивка во износ од 166.863.902 денари, добивката по оданочување е во износ од 2.171.707.532 денари.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. ____________
____ 20 ___ год.
СКОПЈЕ

**Член 4**

Консолидираната годишна сметка претставува составен дел на Одлуката.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

"Д"

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-6/1
29.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на ден 29.03.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година и на Мислењето на Надзорниот одбор

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година и Мислењето на Надзорниот одбор на Банката.

**Член 2**

Годишниот извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година и Мислењето на Надзорниот одбор на Банката се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Илија Гечев**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-7/1
29.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за одобрување на Извештајот од работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година, колективно и од аспект на поединечните членови

### Член 1

Се одобрува Извештајот од работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година, колективно и од аспект на поединечните членови.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-8/1
29.03.2023 год.
СКОПЈЕ

"Е"

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година

**Член 1**

Нераспределената добивка на Банката до 31.12.2022 година, се распределува на:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Дивиденда за обични акции | ден. | 1.139.533.500 |
| 2. | Резерви | ден. | 849.653.331 |
| 3. | Задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка која Банката ќе ја користи во 2023 година | ден. | 160.000.000 |
| | **ВКУПНО:** | **ден.** | **2.149.186.831** |

**Член 2**

Средствата за дивиденда за обични акции да се распределат во готово.

**Член 3**

Добивката што се распределува во задржана добивка за инвестициски вложувања (реинвестирана добивка) служи за развојни цели на Банката, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста, а со тоа и за остварување на правото за намалување на даночната основа на данок на добивка. Добивката што се распределува во задржана добивка за инвестициски вложувања се вклучува во пресметката на редовниот основен капитал на Банката и го зголемува истиот, при што истата не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ќе биде ограничена за распределба на акционерите).

**Член 4**

Средствата за награда на Надзорниот одбор во износ од 3.920.000 денари, кои претставуваат трошок за Банката, да се распределат во готово.
Распределбата на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор ја извршува Одборот за воспоставување и спроведување на Политиката за наградување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-9/1
29.03.2023 год.
СКОПЈЕ

"Н"

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година**

**Член 1**

Износот на дивиденда, согласно Предлог-одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година, донесена од Надзорниот одбор на Банката на 22.02.2023 година, изнесува:

- за 1 обична акција бруто-износ од 500,00 денари, односно 50,0 % во однос на номиналната вредност од 1.000,00 денари.

За предложениот износ на дивидендата за 2022 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

**Член 2**

Собранието на акционерите на Комерцијална банка АД Скопје ќе се одржи на 29.03.2023 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2022 година, е 18.04.2023 година.

**Член 3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 12.04.2023 година.

**Член 4**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 13.04.2023 година.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда за 2022 година ќе започне на 04.05.2023 година.

**Член 6**

Дивидендата за 2022 година ќе се исплатува во готово.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 03

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Илија Гечев**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-10/1
29.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

"3"

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

**Одлука**
**за промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје**

**Член 1**

Се врши промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје.

**Член 2**

Новото седиште на Банката е на ул. „Васил Иљоски“ бр. 3 во Скопје.

**Член 3**

Се овластува Управниот одбор на Банката до Народната банка на Република Северна Македонија да поднесе Барање за согласност за промена на седиштето на Банката.

Се овластува Управниот одбор на Банката по стапувањето во сила на оваа одлука, да ја поднесе пријавата за упис во Трговскиот регистар и пред надлежните институции да ги спроведе останатите активности поврзани со промената на седиштето.

**Член 4**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа одлука по евентуално барање на Народната банка на Република Северна Македонија и други институции надлежни за спроведување на уписот, како и измени кои имаат технички карактер или се резултат на промени во законската и во подзаконската регулатива.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила со нејзиното усвојување од Собранието на Банката и по добивање согласност за промена на седиштетото на Банката од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Илија Гечев**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-11/1
29.03.2023 год.
СКОПЈЕ

"5"

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

**Одлука**
**за измени и дополнувања на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-960-786 од 05.02.2001 година, Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката бр.02-950-7519 од 05.04.2001 година, Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката бр.02-950-15883 од 23.07.2001 година, Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Банката бр.02-1600-11319 од 23.03.2005 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-11958 од 22.03.2006 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-47504 од 20.11.2007 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-12884 од 25.03.2008 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-13300 од 24.03.2010 година и Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-11 од 23.03.2011 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-10/1 од 27.03.2013 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-1/1 од 05.04.2017 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-9/1 од 04.04.2018 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-9/1 од 04.04.2019 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-10/1 од 29.03.2021 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-9/1 од 30.03.2022 година, во Пречистениот текст на Статутот бр.02-180-48/1 од 01.04.2022 година, во член 2, став 2 зборовите "Орце Николов" се менуваат со зборовите "Васил Иљоски".

**Член 2**

Во член 107, по став 3 се додава нов став и гласи:

"Со Одлуката за именување членови на Одборот за надгледување на информативна технологија се именуваат и заменици членови кои се вработени во организационите единици од областа на сигурност на ИКТ, сигурност на информативниот систем, управување со мрежата на филијали, платежни услуги и системи во земјата, работа со население и ИТ ревизија, а ги заменуваат членовите во нивно отсуство."

Редоследот на последователните ставови соодветно се менува.

Во истиот член, во став 6, по зборот "членовите" се додаваат зборовите "и на замениците членови".

**Член 3**

Во член 127, по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Процесите на управување со информативната сигурност во Банката и заштита на личните податоци исто така се дел од Самостојната Дирекција за

контрола на усогласеност на работењето на Банката и спречување перење пари. Управувањето со сигурноста на информативниот систем опфаќа планирање, развој и спроведување на стратегија за управување со информативната технологија, обезбедување непрекинатост во работењето, како и сигурносни правила во однос на системите за современи канали и друштвата за услуги на банката за информативниот систем. За таа цел, Банката врши: оценка на ризикот што во себе вклучува оценка на ризикот за информативната сигурност и оценка на ризикот од нападите од дигиталниот простор; спроведување на сигурносни контроли; тестирање на сигурноста и тестирање на отпорноста на системите од напади од дигиталниот простор; следење и надградба на воспоставениот систем и поделба на надлежностите на органите на банката од аспект на управувањето со сигурноста на информативниот систем. Процесот на заштита на личните податоци опфаќа документирани политики, процедури, насоки, кои се во функција на обработка на личните податоци во согласност со основните законски принципи и целите на обработка од страна на овластени лица во Банката. Процесот подразбира и спроведување на технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци, соодветни на ризикот произлезен од спроведена проценка на ризици и проценка на влијание врз слободите и правата на субјектите на лични податоци, како и следење на обработката на личните податоци и вршење на редовни контроли на обработката.“

**Член 4**

Се овластува Управниот одбор на Банката до Народната банка на Република Северна Македонија да поднесе Барање за согласност за оваа Предлог-одлука.

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила по нејзиното усвојување од страна на Собранието на Банката и по добивањето согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Илија Гечев**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ